**БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**
(хотели и ресторани)

Почитувани,

Здружение Национален Ромски Центар (НРЦ) од Куманово објавува **„Барање за прибирање на понуди"** повикувајќи ги сите регистрирани правни субјекти, да поднесат понуди со следните содржински спецификации:

**1.Општи услови**
1.1 Набавувач на услуги: ЗГ „Национален Ромски Центар" НРЦ од Куманово со седиште во Куманово ул. „Доне Божинов" бр. 11/5.
1.2 Предмет на барањето: **прибирање понуди за хотели и ресторани**

1.3.Национален ромски центар (НРЦ) го спроведува проектот „ Подршка на социјална Инклузија на Ромите преку неформално образование II, имплементиран од Институтот за ромска култура во Албанија (IRCA), Националните Ромски Центар (НРЦ) од Северна Македонија и АКАДЕМИКА 245 од Бугарија, за потреби на својата канцеларија јавно го објавува ова барање преку својата интернет адреса, до сите регистрирани правни субјекти во државата заради изнајмување на простории во хотели и ресторани во Бургас, Софија.

Оваа обука е организирана од Институтот за ромска култура во Бургас, Бугарија на 30 јули до 01 август 2021 година во рамките на проектот „Поддршка на социјалната инклузија и на младите Роми преку неформално образование II" имплементиран од водечката организација Институт за ромска култура во Албанија во партнерство со Националниот ромски центар во Македонија и Академика 245 во Бугарија и финансиран од Европската комисија во рамките на програмата Еразмус+. Обуката ќе се фокусира на младински работници Роми, како и на неформалното образование за медиумска писменост.

1.4. Набавката на ова Барање не е делива, согласно најдобриот финансиски и квалитативен интерес на барателот.
Доколку понудувачот во рамки на определените услови и спецификација од страна на барателот, има повеќе предмети/ствари/услуги кои ги исполнуваат барањата, може да поднесе најмногу три различни понуди.

1.5. Понудувачот во случај на избор на неговата понуда е должен да обезбеди фактура од Управа за јавни приходи без ДДВ, заради исплатата од страна на средства од грант на Европска Унија.

**2. Понуда**

2.1 Понудувачот треба да достави понуда во која согласно потребите на набавувачот, во понудените содржини да содржи:

Понуда за одржување на обука за ромски младински работници за неформално образование за работа од 30 јули до 01 август 2021 за најмногу 15 луѓе во кое ќе биде вклучено двокреветно сместување со две ноќевање со полн пансион, вклучено

вода за време на обуката, 2 кафе паузи и сала за состаноци,со понудена цена во денари без изразен ДДВ, за градот Бургас.

**3. Критериуми за избор на најповолен понудувач**:

- Најмалку 3 години потврдено искуство во областа
- Цена за ручек за  најмногу 15 луѓе
- Квалитет на понудените стоки и услуги,

Цената и квалитетот носат најмногу по 45 бодови, додека искуството во областа носи 10 бодови, а за добитник на повикот по барањето за доставување на понуди се смета понудувачот кој ке добие најмногу поени.
Квалитетот на понудените стоки и услуги ќе се оценува на начин што ќе се анализира видот, големината и опременоста на просторијата за одржување на настанот, дополнителните услуги кои ги нуди понудувачот, како и понуденото мени за ручек и освежување.
Бодувањето на понудените цени се определува согласно процентниот соодност на најниската и највисоката понуда.

**4. Облик и содржина на понудата**

4.1 Понудата се изработува во писмен облик
4.2 Име, адреса и седиште на понудувачот на услуги, даночен број, броеви на телефон, факс, е-маил адреси за контакт како и лица за контакт.
4.3. Тековна состојба од добавувачот, не постара од една година.
4.4 Карактеристики на понудата
4.5 Рок и начинот на испорака на стоките и услугите.
4.6 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денари без вклучен ДДВ.
4.7 Рок и начин на плаќање

Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот и на надлежниот орган сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.

Ве Молиме вашите понуди да ги испратите по електронска пошта (е-mail)на следната адреса , info@nationalromacentrum.org  и elezovski@nationalromacentrum .org најдоцна до (петок) 23.07.2021 година

Куманово, 09.07.2021